**ДП бр. 5/24**

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Антоанета Димовска, заменик претседател на советот, Филип Трифуновски, Субхи Јакупи и Диљавер Бектеши, членови на советот, Николина Јакимоска - заменик член, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот Г.Ѓ од В., по одржаната расправа во согласност со член 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 12.6.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Нотарот Г.Ѓ од В., **се ослободува од одговорност** дека сторил дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 4) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 25.3.2024 година, не бил на работното место во нотарската канцеларија во В., иако претходно не го оправдал и пријавил отсуството од местото на своето службено седиште каде што ја врши работата, па на таков начин да постапил спротивно на членот 28 став (1) и (2) од Законот за нотаријатот.

2.Нотарот Г.Ѓ од В., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што врз основа на претходно закажан надзор по конкретни предмети од страна на Комисијата формирана од Министерот за правда на ден 25.3.2024 година, не бил затекнат на работното место во нотарската канцеларија во В. на ден 28.3.2024 година, иако претходно не го пријавил отсуството, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

**Заменик претседател на Советот,**
**Антоанета Димовска**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението е дозволена жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
Нотарот;
Архивата;
По конечноста до Министерство за правда;